Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2022 година**

**Скопје, септември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2022 година**

Седницата започна во 12:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања (вкв) и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија и м-р Васко Ковачевски, директор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата: м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 75-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 август 2022 година**

**-Усвојување на Записникот од 79-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 септември 2022 година**

**- Усвојување на Записникот од 81-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 септември 2022 година**

**- Усвојување на Записникот од 84-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 септември 2022 година**

1. Информација за давање заем на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со предлог-одлуки

2. Информација за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, заради давање согласност на Одлуката за утврдување на пресметковната вредност за единица бод за пресметување на платите на вработените во НЕР АД Скопје, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за продажба на деловни простории со кои стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје и Предлог-одлука за продажба на деловни простории со кои стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

4. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014-2020

5. Тарифник за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности и Тарифник за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ, со предлог-одлуки

6. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани (објект на ул. Б.Ловџија бр.12 во Кочани)

7. Информација по Барањето на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија-Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог-решение

8. Предлог-одлуки за распоредување на набавената противпожарна опрема на Град Скопје и општините: Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Кичево, Охрид, Кочани, Штип и Гостивар

9. Предлог на закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата

10. Информација за потребата од прогласување на Белчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV-парк на природата, со предлог-одлука

11. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

12. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

13. Предлог-програма за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2022 година

14. Предлог-програма за дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството

15. Информација за воведување нови финансиски инструменти во земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија

16. Информација за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

17. Информација во врска со одржување Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 5.10.2022 година

18. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино 2/22 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22), со Извештај и Предлог-одлука

19. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Сирна“, Д.Белица, Општина Струга, со предлог – одлуки

20. Информација во врска со Иницијативата за експропријација на земјоделско земјиште во Општина Новаци, КО Живојно доставена од Друштвото за производство, трговија и услуги ЏМП КОП Интернационал ДОО Битола со Предлог-одлука

21. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Елита, Гостивар, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

22. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Грин центар Гили, Гостивар, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

23. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Црешево топче, Пробиштип, со Предлог-решение

24. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лагадин-Каролина, Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

25. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – туларска глина на Друштвото за производство, трговија и услуги Гоко-кар ДООЕЛ Виница на локалитетот „Ширината“, с.Лаки, Општина Виница

26. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – габро на Друштвото за експлоатација на суровини и производство Меристем-Тоби ДОО с.Оризари, Кочани на локалитетот ,,Панталеј“, Општина Кочани и Општина Пробиштип

27. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Крупиште – Кочани од км 14+300 до км 28+055 на минерална суровина – песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот ,,Крупиште 1“, Општина Карбинци

28. Предлог-решение за формирање на Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки

29. Информација со Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година.

30. Информација за почеток на изработка на национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија 2023-2025

31. Информација за обезбедување на дополнителни финансиски средства за финансирање на политичките партии за 2022 година

32. Извештај за завршени преговори за склучување на Договор за соработка во областа на одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република

33. Информација со Предлог-платформа за учество на Делегацијата на Република Северна Македонија на 77-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации.

34. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1355 на Советот од 4 август 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

35. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1314 на Советот од 26 јули 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2021/1277 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либан

36. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/755 на Советот од 16 мај 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/740 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Јужен Судан

37. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/754 на Советот од 16 мај 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки

38. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1336 на Советот од 28 јули 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја

39. Информација за фискални импликации кои произлегуваат од Колективниот договор за културата

40. Информација за потребата од промена на тарифен систем/примена на повластен тарифен модел за продажба на електрична и топлинска енергија во областа образование.

41. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ГРАСС БРОВВНИЕС ДОО експорт – импорт с.Зубовце Врапчиште, со Предлог-одлука
42. Предлог-програма за изменување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2022 година

43. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварувањето на социјалната заштита за 2022 година

44. Предлог на закон за дополнување на Законот за возила, поднесен од група пратеници

45. Барање за давање на автентично толкување на член 18 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на

Република Северна Македонија“ бр. 287/21 и 164/22), поднесено од пратеникот Фаница Николоска

46. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за размена на недвижен имот со Имотен лист бр. 531 и Имотен лист бр. 45296 за КО Трубарево, на КП бр.322 и КП бр.323, викано место/улица Шамак Чукур

47. Понуда од нотар Александра Петровска-Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92468, за КО Битола 4, на КП бр.4678/2 и КП бр.4679/2 викано место/улица А. Трпчевски Тасе

48. Понуда од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.9528, за КО Гази Баба, на КП бр.2138/2, викано место/улица „516“ бр.5

49. Понуда од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 9528, за КО Гази Баба, КП број 2138/2, викано место/улица „516“ бр. 5

50. Понуда од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 9528, за КО Гази Баба, 71/481 идеален дел од КП бр. 2138/2, викано место/улица „516“ бр. 5

51. Понуда од нотар Маргарита Вангелова од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.42 и Имотен лист бр.1042 за КО Сретеново, на КП бр.1658/1, викано место/улица „4 Јули“ бр.29

52. Понуда од нотар Методија Ристоски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.70483 за КО Маџари, на КП бр.311/1, викано место/улица Жан Жорес
53. Понуда од нотар Антонио Јанчев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.506 и Имотен лист бр.100250 за КО Нов Дојран, на КП бр.1397, викано место/улица Нов Дојран

54. Понуда од нотар Александра Петровска-Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.42616, за КО Битола 4 на КП бр.6133, викано место/улица Довлеџик

55. Понуда од нотар Ленче Т. Катанфиловска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.279 за КО Криви Дол, на КП бр.229/1, викано место/улица Ушите

56. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1564 за КО Подареш, на КП бр.1806/1, викано место/улица Село

57. Понуда од нотар Зорица Пулејкова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.116302, за КО Центар 1, на КП бр.12951/3, викано место/улица „Страшо Пинџур“ бр.7А

58. Известување од извршител Весна Деловска од Скопје, доставен под И.бр.3748/2022, за налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.888, за КО Коњско

59. Известување од извршител Весна Деловска од Скопје, доставен под И.бр.3396/2022, за налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.4051, за КО Драчево 2

60. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставен под И.бр.575/22, за налог за извршување врз недвижност, запишана во имотните листови бр.517 и бр.499, за КО Мажучиште на КП бр.1185

61. Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) од извршител Васко Блажевски од Скопје, доставен под И.бр.1809/18, врз основа на кој се определува прва продажба со усно јавно наддавање на недвижен имот-земјоделско земјиште кое претставува КП бр. 1625 и КП бр. 1626, КО Г. Коњари, евидентирано во Имотен лист бр.401

62. Известување од извршител Никола Богатинов од Скопје, доставено под И.бр.216/2022, за попис на недвижност „Патерица“ бр.28, Охрид, согласно член 239-а од Законот за извршување

63. Кадровски прашања

64. Прашања и предлози

65. Информација во врска со полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јануари-јуни 2022 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид на ТАВ Македонија

66. Информација за преземените мерки на Министерството за животна средина и просторно планирање за подобрување на состојбата со нивото на водостојот на акумулацијата „Тиквешко Езеро“, со План за реализација

67. Извештај за реализација на Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата

68. Извештај за материјално финансиско работење на Јавното претпријатие „Студенчица" Кичево, за второт квартал на 2022 година

69. Извештај за работата на Јавното претпријатие Хидросистем Злетовица-Пробиштип за период од 1 април 2022 година до 30 јуни 2022 година

70. Информација за планот со активности за зголемување на приходите за 10 % и намалување на расходите за 20 %

71. Извештај за извршен инспекциски надзор над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во Договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов за периодот јануари-јуни 2022 година

72. Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2021 година

73. Предлог-одлука за максималниот износ на ново задолжување преку издавање регистрирани хартии од вредност – NSV

74. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Социологија“ на Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение

75. Информација за завршување на проектот ,,Техничка помош за Министерството за култура и одбрани специјализирани тела за спроведување на функционална анализа на институциите“, финансиран од страна на Европската Унија

76. Информација со барање до институциите од јавен сектор за доставување на податоци за потребата од преведувачки кадри

77. Информација за потребата од назначување на агенти за процесни услуги на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии во процесот на издавање на регистрирани хартии од вредност-NSV на меѓународниот пазар на капитал

78. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KFOR-31 “ во Сојузна Република Германија

79. Информација во врска со Предлог-меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во областа на рударството и енергетиката, со усогласен текст на Меморандумот

80. Информација со Предлог-одлука за критериумите и начинот на распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија

81. Предлог-одлука за утврдување надоместок за работата на претседателот и членовите на Советот за македонски јазик

82. Информација за активностите за организирање на Министерскиот совет на ОБСЕ во рамки на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година, со Предлог-одлука

83. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година

84. Информација за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со

топлинска енергија бр.41-7438/2 од 25.8.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/22 од 26.8.2022 година), со Предлог-одлука

85. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности

*

*　　*

**Владата без забелешки ги усвои Записникот од 75-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 август 2022 година, Записникот од 79-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 септември 2022 година, Записникот од 81-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 септември 2022 година и Записникот од 84-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 септември 2022 година**

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за давање заем на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерско друштво ТЕЦ Неготино во државна сопственост-Неготино, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Акционерско друштво ТЕЦ Неготино во државна сопственост-Неготино, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата по Информацијата за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост заради давање согласност на Одлуката за утврдување на пресметковната вредност за единица бод за пресметување на платите на вработените во НЕР АД Скопје, со Предлог-одлука, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за финансии, заклучи да не ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на пресметковната вредност за единица бод за пресметка на платите на вработените во Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, односно да не даде согласност за зголемување на вредноста на бодот.

**Точка 3**

Владата заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за продажба на деловни простории со кои стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на деловни простории со кои стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014-2020, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата по новите текстови на Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности и Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани (објект на ул. Б. Ловџија бр.12 во Кочани), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата по Барањето на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија-Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за доделување статус на организација од јавен интерес на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Град Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Битола, во предложениот текст.

3. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Куманово, во предложениот текст.

4. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Тетово, во предложениот текст.

5. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Прилеп, во предложениот текст.

6. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Велес, во предложениот текст.

7. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

8. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Гевгелија, во предложениот текст.

9. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Струмица, во предложениот текст.

10. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Кичево, во предложениот текст.

11. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Охрид, во предложениот текст.

12. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Кочани, во предложениот текст.

13. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Штип, во предложениот текст и

14. Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема и средствата за гасење на пожари на Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно

планирање и Билјана Тешева, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од прогласување на Белчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV-парк на природата, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на Белчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV-парк на природата, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведе јавната расправа по предлогот до 31 октомври 2022 година, да изготви конечен предлог за прогласување на Белчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV – парк на природата и да го достави до Владата, најдоцна до 31 декември 2022 година.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за воведување нови финансиски инструменти во земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од седум дена да формира работна група со претставници од Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерство за правда и Народна банка на Република Северна Македонија за воведување нови финансиски инструменти во земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија која ќе работи на анализа на актуелната законска регулатива и на проценка дали е потребно законско доуредување за воведување нови финансиски инструменти за кредитирање во земјоделството со користење на „земјоделска гаранција“ (CropReceipt) и „складишница“ (WarehouseReceipt).

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна до 31 декември 2022 година до Владата да достави Информација за напредокот на работата на

работната група за воведување нови финансиски инструменти во земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловниот реон Куманово, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 5.10.2022 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги достави заклучоците до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 5.10.2022 година, односно да гласа како што е утврдено на оваа седница на Владата (заклучок бр.3).

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го извести Друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во друштвото.

3. Го одобри начинот на гласање на Собранието од страна на својот претставник, по наведените точки од дневниот ред и тоа:
ДНЕВЕН РЕД:
Процедурален дел
1. Избор на работни тела на Собранието
а) Верификациона комисија од 3 члена
-По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на верификациона комисија. За оваа точка да се гласа „ЗА“.
б) 1 бројач на гласови.
-По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на бројач на гласови. За оваа точка се гласа „ЗА“.
2. Избор на претседавач на Собрание на акционери
-Во доставениот материјал за седницата дадена е Одлука за избор на претседавач на Собрание. За оваа точка се гласа „ЗА“.
Работен дел:
1. Одлука за кредитно задолжување на Друштвото, склучување Договор за отстапување побарувања и обезбедување со меница (голема зделка)-кредит за енергетска инвестиција и енергетски заштеди за намалување на штетите од енергетската криза, во прилог:
Предлог-одлука за задолжување на Друштвото, склучување Договор за отстапување побарувања и обезбедување со меница,
- Да се гласа „ЗА“, доколку до одржување на Собранието на акционери, Тутунски комбинат АД Прилеп ги достави потпишани:
-Договорот за отстапување идно побарување по основ на дивиденда со својство за извршна исправа помеѓу Банката, Тутунски комбинат АД Прилеп и Филип Морис ТКП ДОО Скопје,
- заедно со изјавите од содружниците на Филип Морис ТКП ДОО Скопје за согласност за склучување на Договорот за отстапување на побарувања, според член 13 од Договорот за одобрување на долгорочен кредит (бр. 08-2102-2/529 од 25.8.2022 година).

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино 2/22 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22), со Извештај и Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино 2/2022, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22).

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – песок и чакал на Друштвото за трговија транспорт и услуги АР-АМ Транс ДООЕЛ Долно Коњари, Петровец, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Сирна“, Д.Белица Општина Струга, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Иницијативата за експропријација на земјоделско земјиште во Општина Новаци, КО Живојно доставена од Друштвото за производство, трговија и услуги ЏМП КОП Интернатионал ДОО Битола со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за прифаќање на Иницијативата за експропријација на земјоделско земјиште во приватна сопственост заради обезбедување на јавна услуга од областа на енергетиката и минералните суровини, во предложениот текст.

2. Го задолжи Министерството за економија да го извести Друштвото за производство, трговија и услуги ЏМП КОП Интернатионал ДОО Битола за прифатената Иницијатива со цел истиот да депонира средства на депозитна сметка на Министерството за економија во рамки на Трезорската сметка, во висина на проценетата вредност на недвижноста која треба да се експроприра, согласно Извештајот за процена на недвижен имот од 13.7.2022 година, изготвен од Друштво за производство, промет и услуги АБЦ-Бротхер ДООЕЛ Скопје.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Елита, Гостивар, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Грин центар Гили, Гостивар, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел Грин центар Гили, Гостивар (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Црешево топче, Пробиштип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Лагадин-Каролина, Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – туларска глина на Друштвото за производство, трговија и услуги Гоко-кар ДООЕЛ Виница на локалитетот „Широката“, с.Лаки, Општина Виница, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – габро на Друштвото за експлоатација на суровини и производство Меристем-Тоби ДОО с.Оризари, Кочани на локалитетот ,,Панталеј“, Општина Кочани и Општина Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Крупиште – Кочани од км 14+300 до км 28+055 на минерална суровина – песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот ,,Крупиште 1“, Општина Карбинци, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа Предлог – решението за формирање на Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки и го донесе Решението, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 29**

Владата на предлог на Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата со

Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за почеток на изработка на национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија 2023-2025, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација, до крајот на ноември 2022 година до Владата, да достави национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија 2023-2025.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на дополнителни финансиски средства за финансирање на политичките партии за 2022 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди во буџетот на Министерството за правда дополнителни средства во вкупен износ од 18.400.000,00 денари наменети за редовно финансирање на политичките партии за 2022 година.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за завршени преговори за склучување на Договор за соработка во областа на одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република, со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во областа на одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република (текст усогласен со Секретаријатот за законодавство).

2. Се определува Славјанка Петровска, министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за соработка во областа на одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република.

**Точка 33**

Владата ја симна од Дневен ред, Информацијата со Предлог-платформа за учество на Делегацијата на Република Северна Македонија на 77-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации.
Истовремено, Владата го задолжи Министерството за надворешни работи до Владата да достави извештај за учеството на Делегацијата на Република Северна Македонија на 77 -то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1355 на Советот од 4 август 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1314 на Советот од 26 јули 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2021/1277 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либан, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/755 на Советот од 16 мај 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/740 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Јужен Судан, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/754 на Советот од 16 мај 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1336 на Советот од 28 јули 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата  за фискални импликации кои произлегуваат од Колективниот договор за културата.

**Точка 40**

Владата ја симна од Дневен ред, Информацијата за потребата од промена на тарифниот систем/примена на повластен тарифен модел за продажба на електрична и топлинска енергија во областа Образование.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ГРАСС БРОВВНИЕС ДОО експорт – импорт с.Зубовце Врапчиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ГрассБроввниес ДОО експорт-импорт с.Зубовце Врапчиште, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за остварувањето на социјалната заштита за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за возила, поднесен од група пратеници и даде позитивно мислење по истиот, со забелешка во членот 1 од Предлогот, во новиот член 97-б, во став (1) зборовите „алинеи 1, 2, 3 и 4“ да се заменат со зборовите „алинеи 1, 2 и 4“.
Алинејата 4 да се измени и да гласи:
„- доказ дека се исполнети условите од членот 31 став (1), став (2) алинеи 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 14 и ставови (3), (4), (5) и (6) од овој закон“.

**Точка 45**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 18 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21 и 164/22), поднесено од пратеникот Фаница Николоска и утврди мислење врз основа на заедничкото мислење што Министерството за финансии ќе го подготви во соработка со Министерството за внатрешни работи и ќе го достави до Владата.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за размена на недвижен имот со Имотен лист бр. 531 и Имотен лист бр. 45296 за КО Трубарево, на КП бр. 322 и КП бр. 323, викано место/улица Шамак Чукур и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александра Петровска-Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92468, за КО Битола 4, на КП бр.4678/2 и КП бр.4679/2 Викано место/улица А. Трпчевски Тасе и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.9528, за КО Гази Баба, на КП бр.2138/2, викано место/улица „516“ бр.5 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 9528, за КО Гази Баба, КП број 2138/2, викано место/улица „516“ број 5 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 9528, за КО Гази Баба, 71/481 идеален дел од КП бр. 2138/2, викано место/улица „516“ бр. 5 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маргарита Вангелова од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.42 и Имотен лист бр.1042 за КО Сретеново, на КП бр.1658/1, викано место/улица „4 Јули“ бр.29 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Методија Ристоски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.70483 за КО Маџари, на КП бр.311/1, викано место/улица Жан Жорес и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Антонио Јанчев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.506 и Имотен лист бр.100250 за КО Нов Дојран, на КП бр.1397, викано место/улица Нов Дојран и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александра Петровска-Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.42616, за КО Битола 4 на КП бр.6133, викано место/улица Довлеџик и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Т. Катанфиловска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.279 за КО Криви Дол, на КП бр.229/1, викано место/улица Ушите и по истата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1564 за КО Подареш, на КП бр.1806/1, викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зорица Пулејкова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.116302, за КО Центар 1, на КП бр.12951/3, викано место/улица „Страшо Пинџур“ бр.7А и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Весна Деловска од Скопје, доставен под И.бр.3748/2022, за налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.888, за КО Коњско и по истото го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Весна Деловска од Скопје, доставен под И.бр.3396/2022, за налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.4051, за КО Драчево 2 и по истото го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставен под И.бр.575/22, за налог за извршување врз недвижност, запишана во имотните листови бр.517 и бр.499, за КО Мажучиште на КП бр.1185 и по истите го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 61**

Владата го разгледа Заклучокот за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) од извршител Васко Блажевски од Скопје, доставен под И.бр.1809/18, врз основа на кој се определува прва продажба со усно јавно наддавање на недвижен имот-земјоделско земјиште кое претставува КП бр. 1625 и КП бр. 1626, КО Г. Коњари, евидентирано во Имотен лист бр.401 и по истиот го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 62**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Никола Богатинов од Скопје, доставено под И.бр.216/2022, за попис на недвижност „Патерица“ бр.28, Охрид, согласно член 239-а од Законот за извршување и по истото го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 63**

**1.** Владата го разреши Мемет Жаку од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле“ – Скопје, поради истек на мандатот.

1.1 Владата го именува Мемет Жаку за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле“-Скопје.

**2.** Владата од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, поради истек на мандатот ги разреши:

а) од претседател:
-Виктор Јовановски

б) од членови:
-Нинослав Јанковски
-Нусрет Гани
-Исеин Дика и
-Илјаз Синаноски

2.1 Владата за претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот ги именува:

а) за претседател:

-Даниела Пистолова
б) за членови:
-Игор Петков
-Мујо Машовиќ
-Хајриз Бучи

**3.** Владата ја разреши Илина Лалкова од должноста надворешен член на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот, на нејзино барање.

3.1 Владата го именува Мишко Ралев, редовен професор на Универзитетот Американ колеџ, Скопје за надворешен член на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот.

**4.** Владата од должноста членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот ги разреши:

- Михајло Евросимовски
- Велимир Петровски
- д-р Ташко Ризов
- доц. д-р Александра Грозданова
- Татјана Тасевска

4.1 Владата за членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија ги именува:

- Михајло Евросимовски, на предлог на стопанските комори
- Велимир Петровски на предлог на стопанските комори
- проф. д-р Александра Грозданова, на предлог на телата за оцена за сообразност
- проф. д-р Ташко Ризов, на предлог на телата за оцена за сообразност
- Татјана Тасевска претставник од Организација на потрошувачите

**5.** Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија (со која се утврдува коефициент за пресметување на плата на националниот координатор за унапредување на работата на јавните претпријатија).
**6.** Владата го именува Борче Јакимовски за национален координатор за унапредување на работата на јавните претпријатија, кој функцијата ќе започне да ја врши сметано од 1 октомври 2022 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**7.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица'' – Пробиштип ги разреши:

- Анка Тодосиева
- Даниел Ефтимов
- Драгица Лазаревска
- Селајдин Сулејманов
- Тодорче Мишевски
- Александар Пандиловски
- Никола Тушев
- Ненад Павиќевиќ
- Киро Кировски

**<u>Точка 64</u>**

1. Владата го разгледа Барањето за мислење и понатамошни инструкции од Акционерското друштво ГА-МА, под бр. 0302 – 1779/1 од 21 септември 2022 година и му предлага на

Акционерското друштво ГА-МА да го продолжи рокот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, за враќање на заемот до 31 декември 2023 година.

**2.**Владата заклучи Барањето за согласност за отпочнување на постапка за јавна набавка на канцелариски материјал и училишен мебел на Средното училиште на Град Скопје „Шаип Јусуф“, да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**3.**Владата на предлог на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, заклучи заклучокот бр.1, од точка 1, од Нацрт-записникот од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 септември 2022 година, донесен по Барањето за обезбедување на дополнителни финансиски средства за санација на Спортски центар „Борис Трајковски“ во Скопје, да се измени и истиот да гласи:

„1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да обезбеди средства во износ од 37.840.000 денари, во рамките на сопствениот Буџет за 2022 година, со цел изведување, санација и задолжителни инфраструктурни и технички модификации на Арената во комплексот на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје за одржување на Европското ракометно првенство во женска сениорска конкуренција (Women’s EHF EURO 2022), во периодот 4-20 ноември 2022 година.“

За таа цел потребно е Агенцијата за млади и спорт до Владата да достави предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во наведениот износ.“

**4.**Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (за потребите на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје), во предложениот текст.

**5.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 15 септември 2022 година до 21 септември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.**По повод укажувањето на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а во врска со имплементацијата на Акцискиот план за зелена агенда, Владата ја номинира д-р Теодора Обрадовиќ-Грнчаровска, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање, за национален координатор и претставник во Управувачкиот комитет на регионалниот проект „ЕУ за зелен раст“.

**7.**По повод парламентарните избори во Република Бугарија кои ќе се одржат на 2 октомври 2022 година Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки за безбедно и непречено одвивање на изборниот процес на избирачките места во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Бугарија во Република Северна Македонија, како и во општините Велес, Кавадарци, Охрид, Прилеп и Струмица.

**8.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба во

снабдувањето со топлинска енергија, за период од 15 септември 2022 година до 21 септември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.**Министерот за здравство м-р Беким Сали, ги информираше членовите на Владата за Пресудата на Апелациониот суд Скопје бр. ТСЖ – 191/22 со која врз основа на решение за издавање нотарски платен налог НПН бр.25/19 од 31.10.2019 година.

**10.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 15 септември 2022 година до 21 септември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** Владата го разгледа и одобри Барањето од ЈП Национална радиодифузија за набавка на моторна санка, доставено под бр. 03-723/1 од 31 август 2022 година.

**12.** Владата на предлог на министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими, заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да подготви соодветна одлука со која за справување со потешкотиите од енергетската криза од Програмата П1 ќе се префрлат средства во износ од 332 милиони денари на  Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – Скопје.

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**13.**Владата на предлог на министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими, заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да подготви соодветна одлука со која за справување со потешкотиите од енергетската криза, од Програмата П1 ќе се префрлат средства во износ од 100 милиони денари на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**14.**Владата заклучи:

- Управниот одбор на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да ги раскине постоечките менаџерски договори со генералниот директор и сите други постоечки менаџерски договори во Акционерското друштво и потоа да склучи нови менаџерски договори по претходна согласност од Министерството за финансии.
- Надоместот на членовите на Управниот одбор за наредните 12 месеци да се намали за 50% и Финансискиот план на Акционерското друштво да се намали со износ од 50 милиони денари.

**15.**Владата заклучи, Информацијата за усвојување на Насоки за управување со примени дарови и Правилникот за остварување, евиденција и идентификување на контакти со цел лобирање, процеси на подготвување, донесување и изменување на акти и објавување соопштенија за остварени официјални средби и состаноци во насока на исполнување на препораките од петтиот круг на евалуација на ГРЕКО да се разгледа во редовна владина постапка.

Истовремено, Владата заклучи, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, да подготви извештај за трошоци поврзани со ангажманот на шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа (кој ги врши плаќањата на надоместоците во однос на плата, хонорар или слично, висината на

надоместоците, надоместоци и тековни трошоци кои се однесуваат на службените патувањата, колку службени патувања остварил, како и трошоците поврзани со работниот ангажман на ГРЕКО во Република Северна Македонија).

**16.**Владата на предлог на м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, во врска со Барањето на Сојузот на борците за обезбедување на средства за одбележување на државниот празник 11 Октомври – Ден на народното востание, ги задолжи Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да се искоординираат и во рамките на своите буџети да овозможат реализација на барањето.

**17.**Владата ја одложи од разгледување, Информацијата за одржаната средба на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски со амбасадорот на Украина, Лариса Дир-Барање за обезбедување хуманитарна помош од Република Северна Македонија за Украина, за некоја од наредните седници на Владата.

**18.**Владата го разгледа Известувањето од ЈП ХС Злетовица – Пробиштип за неможноста целосно да постапат по Извадокот од Записникот на Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16.8.2022 година и го усвои Известувањето со заклучок рационалното користење на електричната енергија да биде императив при функционирањето на Претпријатието.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јануари-јуни 2022 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените мерки на Министерството за животна средина и просторно планирање за подобрување на состојбата со нивото на водостојот на акумулацијата „Тиквешко Езеро“, со План за реализација, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за материјално финансиско работење на Јавното претпријатие „Студенчица", Кичево, за вториот квартал на 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Јавното претпријатие Хидросистем Злетовица-Пробиштип за периодот 1 април 2022 година-30 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за планот со активности за зголемување на приходите за 10% и намалување на расходите за 20%, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот во координација со Министерството за финансии да постапи, согласно задолженијата од Извадокот од Нацрт-записникот од Седумдесет и петтата седница на Владата, одржана на 30.8.2022 година по однос на ревидирање на платите и раскинување на менаџерските договори.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за извршен инспекциски надзор над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во Договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов за периодот јануари-јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за максималниот износ на ново задолжување преку издавање регистрирани хартии од вредност – NSV и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за  потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Социологија“ на Филозофски факултет  при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Социологија “ на Филозофски факултет  при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за завршување на проектот ,,Техничка помош за Министерството за култура и одбрани специјализирани тела за спроведување на функционална анализа на институциите’’, финансиран од страна на Европската Унија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура да ја воспостави следнава раководна структура за спроведување на реформите:

-Управен одбор задолжен за стратешко управување со реорганизацијата и осигурување на нејзиното навремено спроведување.
-Тим за спроведување подреден на Управниот одбор, одговорен за планирање и спроведување на сите чекори во процесот за реорганизација.
- АД ХОК работни групи за работа на специфични прашања.

2. Се задолжува Министерството за култура да го усогласи целокупниот процес  со насоките од проектот за реорганизација на јавната администрација, спроведуван од Министерството за информатичко општество и администрација.

3. Се задолжува Министерството за култура на полугодишно ниво да ја известува Владата за статусот на реорганизацијата во самото министерство, Управата за заштита на културното наследство и Агенцијата за филм.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата со барање до институциите од јавен сектор за доставување на податоци за потребата од преведувачки кадри и ја усвои, со следниот заклучок:
- Се задолжуваат органите на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа, во рок од седум дена од усвојувањето на оваа информација, до Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да достават податоци за потребниот број на преведувачи.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од назначување на агенти за процесни услуги на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии во процесот на издавање на регистрирани хартии од вредност-NSV на меѓународниот пазар на капитал и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку амбасадите на Република Северна Македонија во Лондон, Велика Британија и Берлин, Сојузна Република Германија да ја преземат функцијата на агенти за процесни услуги во име на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку амбасадите на Република Северна Македонија во Лондон, Велика Британија и Берлин, Сојузна Република Германија по добивање на писмата за назначување на процесни агенти, потпишани од министерот за финансии, да ги потпише потврдите со кои ги преземаат функциите на процесни агенти.

**Точка 78**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KFOR-31 " во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со Предлог-меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во областа на рударството и енергетиката, со усогласен текст на Меморандумот и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати ново усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во областа на рударството и енергетиката (усогласен со Секретаријатот за законодавство).

2. Се овластува министерот за економија, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во областа на рударството и енергетиката.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог-одлуката за критериумите и начинот на распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата со предлог-одлуката за критериумите и начинот на распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија.

2. Ја донесе Одлуката за критериумите и начинот на распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката согласно расправата на седницата и со Секретаријатот за законодавство.

После објавувањето на Одлуката за критериумите и начинот на распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на наредната седница на Владата да се разгледа Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, усогласена со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата укажа на потребата:

- Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да оствари средба со граѓанските организации во Република Северна Македонија на која ќе ја истакне важноста на Советот за соработка со/и развој на граѓанскиот сектор како советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор во земјата, но и неговото значење во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците како важна алатка за комуникација со граѓански организации.

- да се разгледа можноста финансирањето и поддршката на развојот на граѓанските организации во Република Северна Македонија од 2023 година, наместо како до сега каде што министерствата имале одредени фондови за поддршка на граѓанските организации, алокацијата на финансиските средства да се врши централизирано само преку една институција/тело, каде што клучната улога ќе ја има Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување надоместок за работата на претседателот и членовите на Советот за македонски јазик и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите за организирање на Министерскиот совет на ОБСЕ во рамки на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на меѓуресорска Работна група за организирање на Министерскиот совет на ОБСЕ за време на претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за финансии да го потврди предвидениот буџет за претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ, планиран и предвиден со предлог буџетот на Министерството за надворешни работи за 2023 година во вкупен износ од 497.378.000,00 денари ( 7.997.537 евра).

**Точка 83**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр.41-7438/2 од 25.8.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/22 од 26.8.2022 година), со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија во износ од 1.100.000.000,00 денари, наменети за ликвидно работење на друштвата.

Текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за економија, согласно член 6 од Законот за енергетика да подготви и за наредната седница на Владата да достави Предлог-одлука за доделување на јавна услуга.

3. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје да подготви и до Владата да достави информација за исплата на финансиски средства за АД ЕСМ-Скопје (Подружница Енергетика), согласно Одлуката за преземање на мерка за финансиска поддршка со засметување на разликата на цена на топлинската енергија на вршителите на енергетските дејности на пазарот на топлинската енергија за потрошената топлинска енергија од страна на потрошувачите на топлинска енергија од категорија домаќинства во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/22).
Информацијата претходно да се разгледа на седницата на Економскиот совет.

**Точка 85**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:20 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| м-р Методија Димовски | д-р Димитар Ковачевски |